**20241873226**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за железничкиот систем,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2024 година.

Бр. 08-4269/1
3 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска-Давкова** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/20 и 253/23), во член 2 во точката 38 зборовите: „и врски“ се бришат.

Член 2

Во член 26 ставот (6) се менува и гласи:

„(6) Годишната програма од ставот (5) на овој член на предлог на управителот на инфраструктура ја донесува Владата на Република Северна Македонија.“

Во ставот (7) зборовите: „од тековната година за претходната година“ се заменуваат со зборовите: „во наредната година“.

Член 3

Членот 65-а се брише.

Член 4

Членот 67-а се брише.

Член 5

Во член 97-а во ставот (3) зборовите: „и врски“ се бришат.

Член 6

Во член 97-б во ставот (2) зборовите: „и врски“ се бришат.

Член 7

Приватно домашно или странско правно лице може да врши јавен железнички превоз на патници и стока согласно со одредбите од овој закон по пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Постапките за издавање на дозволи за вршење јавен железнички превоз на патници и стока и постапките за издавање сертификати за сигурност за вршење на јавен железнички превоз на патници и стока согласно со Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/20 и 253/23), започнати пред влегувањето во сила на овој закон, ќе запрат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.